**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр 03 – 326/1
03. 07. 2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 215/21 ),а во врска со член 38 став 5, 7 и 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), Градоначалникот на општина Градско на ден:03.07.2023 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за иземање и назначување на нов член на Комисија за урбанизам на Општина Градско

За член на Комисијата за урбанизам на Општина Градско ја именувам Роза Здравева дипломинар инженер архитект, вработена во општина Велес, распоредена на работно место: Раководител на одделение за урбанизам со овластување бр. 0.0410.

Именуваната се именува на местото на досегашниот член Илина Лалкова, на која и престана функцијата член на оваа комисија со оставка од лични причини.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно Законот за урбанистичко планирање, Градоначалникот формира комисија за урбанизам на општината, како тело што е задолжено да ги врши стручните работи во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

Со Решение бр.09-362/1 од 10.09.2020 година формирана е трочлена Комисија во чиј состав се: Ацо Здравевски, Илина Лалкова и Искра Ефремова.

Со Решение бр.03-118/4 од 20.02.2023 година, лицето Ацо Здравевски е иземен и е назначен нов член Марија Рунтева

Со оглед на фактот дека на членот на Комисијата Илија Лалкова е престаната функцијата со оставка од лични причини, а со цел комплетирање на составот на комисијата, следуваше да одлучам како во диспозитивот на решението.

Доставено до:
-архива
-именуваната

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на истото до Градоначалникот на Општина Градско.